„ADRIATIC STRIKE 18“ | ВЕДЕМАЕР - СТРАТЕГИСКИ МАЈОР | „МАУЗЕР Ц96“ | „CESSNA“

# ШТИТ

Број 105
Јули 2018
50 денари
ISSN 1857-6710
9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**



## СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ВОЗДУХОПЛОВНАТА БРИГАДА

# мила Шекеринска дант на на Франција



Заблагодарувајќи се на укажаната чест, министерката Шекеринска истакна дека „заслугата им припаѓа на сите граѓани на Р. Македонија поради нивната енергија, нивната амбиција, трпеливоста и надежта. Енергија да се продолжи и покрај сè. Амбиција да направат промени во својата земја. Трпение да се надминат препреките. Надеж дека промената е можна и зависи од нас. Голема надеж дека Македонија е европска земја, дека нашите вредности се европски. Ние покажавме политичко водство, но тие ги заслужија вашите комплименти со својата издржливост и храброст, со својот дух. Почеста ја прифаќам во име на нашата Влада, на премиерот Заев и на моите колеги. За нивната напорна работа, без каење, без политичка пресметка… во текот на последните 12 месеци. Ви благодарам за честа и за довербата што ја покажа француската држава и француската нација. Орденот ќе го носам секогаш, гордо и достоинствено, потсетувајќи се на вредностите што ги претставува“.







# содржина

ШТИТ ■ година X ■ број 105 ■ јули 2018


**Инфо** 5

Инфо
**Македонија и САД - силно стратешко партнерство, заеднички цели, интереси и вредности** 6

24 часа
**„Adriatic Strike 18“** 12

Глобал
**Историја на конфликтите во Сирија** 14

Едукација
**Ведемаер - стратегиски мајор** 18

Вооружување
**„Cessna“** 26

Вооружување
**Кинески носач на авиони „CV16 Liaoning“** 32

Вооружување
**„IFV Dardo“ - Италијанско борбено возило на пешадијата** 36

Глобал
**Радикализација на децата Џихадистичка медреса во Италија** 40

Фељтон
**САД И Македонската револуционерна организација** 46

Незадолжително
**Шах**
**древна игра со воена симболика и терминологија** 49

Бинарен код
**10 типови на хакери и начини за пристапување до информациите** 52

Филм
**„Крајот на патувањето“** 56

# Поддршка од пријателите

Република Македонија, со самото свое конституирање како независна и суверена држава се определи да формира и да развива систем за безбедност и одбрана кој ќе се потпира на три столбови, сопствени вооружени сили, цивилна одбрана и членство во колективните системи за безбедност и одбрана. Врз основа на тоа, уште на 23.12.1993 година, Собранието донесе Одлука за остварување на полноправно членство во НАТО, што подразбираше многу работа, реформи, исполнување на услови… Патот на државата кон евроатлантското интегрирање сè уште не е завршен, но во последниот период, по постигнувањето на договорот со Грција, можеме гордо да констатираме дека направивме големи чекори напред и дека светлото на крајот од тунелот на нашето евроатлантско интегрирање сè поблиску се насира. Поддршката од пријателите во овој период е од круцијално значење за нашата интеграција. Во таа насока, во овој период, министерката за одбрана Радмила Шекеринска имаше интензивни активности, разговори и посети со цел да ја добие неопходната поддршка од пријателите на нашата земја. Министерката за одбрана кон крајот на јуни испрати писмо до министрите за одбрана на 29-те земји-членки на НАТО, во кое од нив бара поддршка за Македонија на Самитот на Алијансата во јули, да добие покана за членство во НАТО. Со дел од нив имаше и телефонски разговори во кои ѝ беше изразена поддршка за членството на Македонија во НАТО. Ова се зборовите на министерката за одбрана Радмила Шекеринска, преточени во писмото до нејзините колеги во Алијансата: „Ви пишувам по постигнувањето на историскиот договор околу спорот за името со Грција. Оваа пречка за нашата евроатлантска интеграција е отстранета. Ја барам вашата поддршка за Македонија да добие покана за полноправно членство во НАТО на претстојниот Самит. Беше потребна храброст, лидерство и дипломатија за да се постигне оваа цел – од двете страни. Нашиот народ е обединет и недвосмислен во желбата да станеме дел од НАТО и од ЕУ, со поддршка од повеќе од 75% од нашите граѓани. Со приемот на Македонија во НАТО ќе се консолидира демократијата во регионот, ќе се зајакне стабилноста и безбедноста и ќе биде поставен позитивен пример за Западниот Балкан. Македонија направи крупен исчекор во согласност со препораките од Самитот на НАТО во Варшава во подобрувањето на добрососедските и меѓуетничките односи, во владеењето на правото, слободата на медиумите, кредибилните избори и независноста на судството. Работата на тие реформи ќе продолжи.Тој пристап беше повторен во решението на спорот со Грција, и убедени сме дека нашето партнерство со Атина следните години ќе се продлабочува. Сега ни е потребна вашата поддршка повеќе од кога било. Во согласност со одлуката на Самитот во Букурешт во 2008 г., сега, откако е постигнато заедничко прифатливо решение на спорот за името, очекуваме покана за членство во НАТО“.
Овој уводник е напишан кон крајот на јуни, кога го затвораме бројот. Го предаваме магазинот за печатење и светлото на денот ќе го здогледа во текот на јули, „во очи“ на Самитот на НАТО. Нашите очекувања се дека пријателите на Македонија ќе покажат дека вредеше да се чека до овој јули 2018 година и дека конечно вратите на Алијансата ќе се отворат за нашата држава.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ е магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Кристина Илиевска
(новинар),
Ксенија Митева
(лектор);
Александар Атанасов
(фотографии)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ“
ДООЕЛ Кочани

Цената на еден примерок е 50 денари
Годишна претплата 600 денари

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk





# Историја на конфликтите во Сирија

По завршувањето на Втората светска војна (1941-1945), во текот на 1946 година официјално е формирана независната арапска држава Република Сирија. Во Сирија има бројни идентитети и религии кои се борат за превласт во периодот до и после независноста на Сирија, почнувајќи со религиски, националистички, панарабистички и трибални правци. Најмоќната форма на идентификација претставува секуларниот арабизам и подоцна панарабизам, кој се зајакнува особено преку поддршката од страна на сунитското муслиманско мнозинство кое преставува околу 70% од популацијата. Повеќето останати муслимански религиски идентитети се преставени преку Муслиманското братство. Најбројниот малцински ентитет се Алавитите (12%) и христијанските Арапи (14%), кои не го поддржуваат сунискиот ислам како личен идентитет. Од 1946 година во Сирија се спроведуваат внатрешни, недржавни и еднострано организирани насилства во согласност со класификацијата на ООН (UCDP). Во периодот кој следи

> Долг временски период низ историјата Сирија била под османлиско владеење, кое завршува околу 30 години по завршувањето на Првата светска војна (1914-1918). Од 1918 година па натаму нешто повеќе од две децении Сирија останува под контрола на француската администрација

на политичка нестабилност и сериозни цивилни инциденти, Сирија политички се обединува со Обединетите Арапски Емирати под водство на египетскиот претседател Гама Абдел Насер (Gamal Abdel Nasser) во 1958 година. По краток период во 1971 година Хафез ал Асад преку воен бунт ја освојува политичката власт во Сирија. Како власт во Сирија Хафез се задржува сè до неговата смрт во 2000 година. По неговата смрт политичката власт во Сирија ја зазема неговиот син Башар ал Асад (Bashar Al-Assad). Сирија била во серија на конфликти со нејзиниот сосед Израел, оспорувајќи го создавањето и независноста на Израел, заедно со: Египет, Јордан, Лебанон и Ирак. Оваа сојузничка коалиција направи силен отпор во текот на 1948 година. Агресијата од страна на сојузничката коалиција против Израел беше победена во текот на истата година. Ова резултираше со формирање на демилитаризирана зона помеѓу Сирија и Израел. Во 1966 година, крвавиот државен удар од страна на владејачката Баат партија повторно донесе власт на владата која промовираше поагресивни политики против Израел.

Во текот на 1967 година, Сирија е повторно во воен судир со Израел во контекст на „Шестдневната војна“, која резултираше со губењето на сириската контрола на над Голанските Височини (Golan Heights), лоцирани во непосредна близина до границата со Израел. Во 1973 година, Сирија повторно ја враќа контролата над оваа гранична зона, како резултат на „Јон Кипурската војна“. Во периодот од 1975 до 1990 година,



Сириската популација предоминантно ја сочинуваат сунитските муслимани, но има бројни религиски малцинства како: муслиманите Алавити, Друзи, христијани и Курди. Фамилијата на Асад припаѓа на Алавитите кои успеваат да бидат на високи политички функции подолг период, како и економијата и вооружените сили

Сириската војна трае од 2012 година и служи како „прокси војувалиште“ за испитување и натпревар на моќта на надворешните актери. Во 2015 година се зголемуваат интервенциите на надворешните актери преку уфрлени „прокси групи“ и интервенција од држави-сојузници на големите сили.
Руската интервенција во септември 2015 година за сириската влада преставуваше клучен момент за стабилизација на цивилната војна и момент на политичка консолидација. Но, за жал, подоцна ова ја однесе војната во погрешен правец.
Во 2016 година сириската влада, поддржана од Русија и од Иран, прави напори за неутрализација на сириските бунтовници.Во февруари 2016 година



Сирија дава разновидна поддршка на бројни организации инволвирани во внатрешните конфликти со соседниот Лебанон. Сириските трупи се вклучија во коалицијата на НАТО, авторизирана од ООН за поддршка на Кувајт против ирачката инвазија во 1991 година.
Понатаму во Сирија се случуваат серија на внатрешни бунтови против режимот на Асад. Во 1979 година „Муслиманското братство“ предизвикува внатрешна криза која кулминира во 1982 година, кога муслиманското братство е разбиено од сириските власти. После 1990-тите години нема позначајни кризи и конфликти до Арапската пролет во 2011 година. Во цивилната војна која беше предизвикана од социо-економските немири и протести за време на Арапската пролет, илјадници различни востанички групи и најмоќните држави во светот земаа учество во Сириската војна. Различни парамилитантни групи предизвикаа судири со сириската влада или меѓусебно и предизвикаа бројни цивилни жртви. Во текот на 2013 година Советот за безбедност на ООН, најде неоспорни докази дека на самиот почеток на конфликтот е употребено хемиско оружје врз цивилни објекти и критична инфраструктура.
Главна водилка на меѓународните актери, пред сè овде мислам на ООН, на НАТО и на ЕУ, беше новата научна методологија на опсервација на толпата (crowd-seeding methodology) или, поконкретно, зошто народот кој протестира или бунтува за или против власта се однесува така, односно кои се неговите причинско-последични цели за вакви дејства.
Понатаму научните работници од светските центри за стратешки анализи на конфликти и војни во: Оксфорд, Стокхолм, САД, НАТО-центрите за извонредност ја усовршија методата на прибирање и размена на информации за војната за секој ден. Неделните анализи збирно дава целосна слика на оваа војна за еден квартал, односно тримесечје. Сето ова многу ја олесни работата на креаторите на меѓународната политика кои со поддршка на невладините организации и хуманитарните агенции добија комплетна слика за Сириската војна и понатамошни правци за стабилизирање на состојбата во Сирија.

настанува делумен прекин на огнот помеѓу бунтовниците и владините сили. Прекинот на огнот завршува со интензивирање на борбите во Алепо (Aleppo).
На 22 декември 2016 година сириската влада спроведува комплетна контрола над Алепо, а една недела подоцна е склучен нов договор за прекин на огнот.Во мај 2017 година коалицијата предводена од САД направи значителни чекори со воздушните напади кои ги спроведе пред околу три години, напаѓајќи сириски сили поддржани од владата во близина на градот Ал-Танф близу границата со Јордан. Според Министерство за одбрана на САД, сириските сили кои беа цел на напад напредуваа покрај деконфликтната зона и со ова претставуваа закана за САД и за коалиционите партнери.
Во јуни 2017 година, САД урнаа сириски авион кој извршуваше напади во близина на базата каде беа стационирани силите на коалицијата предводена од САД.
Во подготовките за освојување на Рака (Raqqa), коалицијата предводена од САД работи во координација со Сириските демократски сили (СДС) - Syrian Demo-



Почетните аспекти за решавање на Сириската војна, почнувајќи од 2013 година кога почнува да се зголемува интензитетот на борбени дејствија па наваму, беа три работи кои беа најважни за да се намали нејзиниот интензитет: рестрикција на меѓународните рути за набавка на оружје, стриктни мерки за забрана на секаков вид оружје за масовно уништување и интензивни преговори со спротивставените страни преку медијаторство од меѓународни актери

cratic Forces (SDF) преку асистирање на локалните воено-безбедносни сили во борба против Исламската држава. На 11 мај 2017 година СДС го заземаат градот Табка (Tabqa), кој е околу 40 километри западно од Рака. Администрацијата на претседателот Трамп ја одобри поддршката за СДС во воената операција за враќање на сирискиот град Рака. Бројот на цивилни жртви значително се зголеми изминативе месеци, како резултат на воздушните напади и преку бројни терористички напади. На 4 април 2017 година, сириската влада изврши хемиски напад врз граѓаните во градот Кан Шеикун (Khan Sheikhoun) во провинцијата Идлиб (Idlib), при што загинаа осумдесет лица, меѓу кои и многу деца. Како одговор на тоа, САД лансираа педесет и девет проектили „томахавка" на сириската база во која беше складирано хемиско оружје. Одделот за одбрана на САД тврди дека со воздушниот напад уништиле над 20 проценти од капацитетите на оваа база. Пред воздушниот напад во текот на март 2017 година, претседателот Трамп го објави својот нов оперативен план за Сирија и испрати 400 маринци, со што бројот на американските војници се зголеми на 1000. Во текот на февруари 2017 година, беа прекинати линиите на логистичко снабдување на силите на Исламската држава од Ал Баб до Алепо, откако сириската влада и турските сили офанзивно пристигнаа во овој реон. Во овој период турските коалициски сили на НАТО го спроведуваат својот оперативен план наречен „Еуфратски штит", чија цел беше да се обезбеди територија од Исламската држава и да се отфрли напредокот на курдските сили. Алепо, најголемиот град во Сирија, беше вратен од сириските владини сили во декември 2016 година.

Според Сирискиот центар за истражување на политики и Канцеларијата на ООН за координација и хуманитарна помош од почетокот на војната до сега над 470 000 лица се убиени, 4.8 милиони лица трајно се иселиле и 6.1 милиони лица се внатрешно раселени лица. Голем дел од раселените лица заминале за Јордан или за Лебанон, соочувајќи се со ограничени материјални ресурси и нормални услови за живот. Околу 2.9 милиони Сиријци заминале за Турција од каде што сакаат да имигрираат во европските развиени земји.

Во меѓувреме, надворешната воена интервенција, вклучувајќи го илегалното снабдување со оружје и воена опрема, воените обуки, воздушните напади, како и поддршката од „прокси" групите во Сирија, се закани за продолжување на Сириската војна која трае нешто повеќе од шест години.

Се чини дека улогата на надворешните актери како: Русија, Иран, Турција, Саудиска Арабија, Катар и коалицијата предводена од САД како дополнително да ја комплицира разрешницата на Сириската цивилна војна. Континуираното насилство во Сирија ќе им овозможи на терористичките групи и мрежи, од кои најмногу на ИСИС, да организираат напади на видни лица од САД во Сирија како напад на „меки цели" во САД.

Протестите кои започнаа во текот на 2011 година против режимот на претседателот Асад брзо ескалираа во целосна војна меѓу сириската влада поддржана од Русија и од Иран и од антивладините бунтовни групи поддржани од САД, Турција, Саудиска Арабија и други арапски земји во регионот. Конфликтот се прелеваше во соседните држави привлечени од надворешни сили. Исламската држава регрутираше околу триесет илјади странски борци кои се приклучија во Сириската војна.

По серија координирани терористички напади на ИСИС во Париз на 13 ноември 2015 година, Франција ги прошири своите воздушни напади во Сирија, а Обединетото Кралство започна воздушни напади со цел да ги неутрализира припадниците на ИСИС. САД, Обединетото Кралство и Франција, со поддршка од Турција, Саудиска Арабија и други арапски земји, спроведоа над девет илјади воздушни напади врз цели на Исламската држава во Сирија. Во меѓувреме, на барање на сириската влада во септември 2015 година, Русија започна со воздушни напад против целите на ИСИС. Русија, воедно, своите напади ги насочи и кон другите бунтовнички групи кои беа против Асад, вклучувајќи ги и бунтовничките



групи кои беа поддржани од САД. Сепак, од почетокот на 2017 година, поголемиот дел од руските воздушни напади беа насочени кон ИСИС.Во август 2016 година, Турција спроведе офанзивни операции заедно со меѓународните коалициски сили за повторно да го преземе граничниот град Јарабул од ИСИС. Овој период, бунтовниците поддржани од САД, заедно со коалициските сили, спроведоа воздушни напади со што го ослободија стратешкиот сириски град Манбиј. Победата на бунтовниците поддржани од САД и коалициските сили нанесе голем удар и прекин на патиштата за криумчарење и илегална трговија од Рака кон Турција. Сириските владини сили во овој период успеаја да гоповратат древниот сириски град Палмира, кој повеќе од една година беше окупиран од страна на ИСИС. Напорите за постигнување на дипломатско решение досега се неуспешни. Женевските мировни разговори за Сирија преку меѓународната конференција поддржана од ОН за олеснување на политичката транзиција предводена од специјалниот пратеник на ОН, Стефан де Мистура (Staffan de Mistura), досега не беа успешни во изнаоѓање на политичко решение. Новиот круг на мировни преговори започнаа во Женева во мај 2017 година со политичка делегација од осумнаесет лица од Сирија. Паралелно со мировниот процес во Женева, сириските мировни разговори

Осмата година од Сирискиот конфликт произведе повеќе од 5,6 милиони сириски бегалци и 6,1 милиони внатрешно раселени лица до март 2018 година. Повеќе од 13 милиони луѓе во Сирија бараат хуманитарна помош, вклучително и околу 6 милиони деца

во: Астана, Казахстан, со Русија, Турција, Иран и со сириската опозиција, исто така, не доведоа до конкретен договор за тоа како да се стави крај на граѓанската војна. На крајот од 2017 година, повеќе од половина од болниците во земјата, клиниките и центрите за примарна здравствена заштита беа само делумно функционални или целосно оштетени. Советот за безбедност при ОН го презеде водството на политичка акција за Сирија. Во 2017 година, 15-членото тело разговараше за Сирија 33 пати - најчеста тема - во формални и неформални консултации. Од 2012 година, Советот усвои 23 резолуции за Сирија или во голема мера поврзани со Сирија. ОН свикаа 8 кругови внатрешни политички разговори во Сирија од 2016 година за да најдат политичко решение за конфликтот. Во 2017 година, хуманитарните конвои под водство на ОН достигнаа 820.200 лица во Сирија.

Регионалниот план за бегалци на ОН за Сирија (3RP) за 2018-2019 г., планира 4,4 милијарди долари за поддршка на над 5 милиони бегалци во соседните земји и околу 4 милиони членови на заедниците. Во 2017 година, ОН водеше операции за вакцинирање на речиси 2,5 милиони деца од детска парализа и 4,8 милиони деца од мали сипаници. Само во декември 2017 година, УНФПА ( UNFPA) поддржа 19.454 испораки, вклучително и 8.746 операции во Сирија. Во 2018 година, УНИЦЕФ (UNICEF) и партнерите планираат да ангажираат 2,2 милиони деца на возраст од 5 до 17 години во формалното општо образование. Советот за човекови права на ОН ги испитува сите прекршувања на меѓународното право од март 2011 година до сега преку Независната меѓународна истражна комисија.
За конфликтот во Сирија, многу научници и аналитичари беа скептични дека е возможно да се изнајде мировно решение за оваа долготрајна цивилна војна. Решението е во процесот на медијаторство, преговори, стратешко лидерство и менаџмент и, пред сè, разбирањето на целокупната динамика на конфликтот кој прерасна во војна.
За овој мошне сложен конфликт е потребна политичка и воена анализа на досегашните причинско-последични состојби за кои ќе пишуваме во некои од следните изданија.

д-р Андреј Илиев




CCT